# ДАНОК НА ИМОТ

Информации во врска со утврдувањето и наплатата на данок на имот во Општина Делчево

- **Предмет на оданочување:**

  Данок на имот се плаќа на недвижен имот, освен за оној имот кој е ослободен од плаќање на данок според ЗДИ (Закон за даноци на имот).
- **Даночен обврзник:**

  Обврзници на данок на имот се физички и правни лица кои се сопственици, корисници или плодоуживатели на имотот.
- **Даночна стапка:**

  Стапката на данок на имот во Општина Делчево изнесува 0,15% , согласно член 3, став 1 од Одлуката за утврдување на висината на стапката на данок на имот бр. 07-1050/1 од 31.08.2005 година, донесена од страна на Советот на Општина Делчево.
- **Даночна основа:** пазарната вредност на недвижниот имот.

  Проценката ја врши овластен проценител вработен во Општина Делчево, врз основа на Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот и врз основа на Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдуање на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Делчево.
- **Ослободувања**

Данокот се намалува за 50% доколку станот/куќата се користат за живеење (доказ лична карта)

- **Постапка на утврдување данок на имот**

Данокот на имот се утврдува врз основа на податоците од даночната пријава и од податоците од општинската даночна евиденција.

Секој даночен обврзник е должен да го пријави недвижниот имот и тоа во рок од 15 дена од денот на стекнувањето на имотот или од отпочнувањето на користењето на имотот.

За неподнесување даночна пријава на даночниот обврзник му се изрекува мерка глоба пропишана согласно законот за даноците на имот.

Бесплатен образец на даночна пријаа за утврдување на данок на имот се поднесува во просториите на Општина Делчево, Општински центар за слуги.

- **Решение за данок на имот**

  Се донесува секоја фискална година за секој даночен обврзник врз основа на податоците од поднесена даночна пријава или со преземање на податоци од општинската даночна евиденција, најдоцна до 31 март во годината за која се утврдува данокот на имот (законски рок).

Решението до даночниот обврзник се доставува на последната пријавена адреса на обврзникот преку доставна служба или преку пошта. Доколку, даночниот обврзник поради некоја причина нема добиено решение за данок на имот, истиот е должен сам да го подигне од просториите на Општина Делчево.

- **Сметка за уплата на данок на имот**

| | |
|---|---|
| ПРИМАЧ | **ТРЕЗОРСКА СМЕТКА** |
| БАНКА НА ПРИМАЧОТ | **НАРОДНА БАНКА НА РСМ** |
| СМЕТКА | **100 0000000630 95** |
| УПЛАТНА СМЕТКА | **840-120-02507** |
| ПРИХОДНА ШИФРА | **713111 00** |

- **КОНТАКТ**

Сектор: Сектор за финансиски прашања
Одделение: Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци.
Одговорно лице: **Сања Стоиловска**
Телефон: + 389 33 411 550
Работно време: 07:30 – 15:30 часот

- **ДОКУМЕНТИ (ПРИЛОГ)**

- Даночна пријава за утврдување на данок на имот;
- Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Делчево;
- Одлука на Совет на Општина Делчево за утврдување на висината на стапката на данокот на имот на територијата на Општина Делчево.